РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"РАМПО ЛЕВКАТА"
Бр. 04-476/4
Прилеп 02.07 2025 год.

Република Северна Македонија
ООУ „Рампо Левката" - Прилеп
ул: Цар Самоил бр.1а
тел/факс: 048 422 377
e-mail: rampolevkata@gmail.com

# ИЗВЕШТАЈ

Од самоевалуација на ООУ „Рампо Левката" Прилеп за период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ"161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште „Рампо Левката"Прилеп изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023/24 и 2024/2025 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 4.12.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:.

1. Весна Џакоска Насеска-педагог
2. Билјана Ацеска, предметен наставник
3. Александра Јолеска Џингоска, предметен наставник
4. Габриела Салатоска, одделенски наставник
5. Елена Трајкоска, родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот февруари-мај 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Билјана Илиоска,координатор<br>2. Елеонора Гешоска<br>3. Гоце Петровски<br>4. Снежа Ѓорѓиоска<br>5. Николина Николоска<br>6. Валентин Трајкоски |

| | |
|---|---|
| | 7. Роберт Ристевски<br>8. Ангелка Ѓорѓиески<br>9. Кирил Овезоски<br>10. Јасмина Богданоска<br>11. Мери Свеќароска |
| 2. Постигања на учениците | 1. Весна Трајковска,координатор<br>2. Бисера Вишиноска<br>3. Елизабета Маркоска<br>4. Рената Т. Коларoска<br>5. Мариче Кусибојовска<br>6. Менка Аџиоска<br>7. Ристо Јачев<br>8. Горан Димоски<br>9. Анета Беличоска<br>10. Тања Илијоска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Мимоза Димеска,координатор<br>2. Наташа Блашкоска<br>3. Наташа Митрикеска<br>4. Андријана Кирилова<br>5. Златко Алексоски<br>6. Соња Блажеска<br>7. Ивона Ристеска Ѓорѓиоска<br>8. Дафина Самарџиоска<br>9. Маја Стојческа<br>10. Чона Макеска<br>11. Моника Наумоска |
| 4. Управување и раководење | 1. Наталија Ристеска,координатор<br>2. Анета Спасеска<br>3. Анета Мицеска<br>4. Маја Бунтеска<br>5. Верица Апостолоски<br>6. Даниела Николоска<br>7. Емилија Божиноска<br>8. Александра Стојаноска<br>9. Даница Кирилова<br>10. Стефан Стevананџија<br>11. Софија Хаџи Митреска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според

Scanned with CamScanner

кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги синтетизира во една целина.

Scanned with CamScanner

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 10.06.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>1. Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата. Пред почетокот на учебната година стручната служба прави проверка на програмите и на наставниците им дава повратна информација. Часовите се следени од страна на: педагогот, психологот, директорот и со наставниците се прават консултативни разговори.<br>2. Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците.<br>3. Во училиштето учат ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовниот образовен систем. Со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат, во соработка со стручната служба и дефектологот. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот.<br>4. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи и спроведува процедурата за изборните предмети. Тоа го прави со анкетни листови од кои ги сумираат податоците.<br>5. Наставниците ги приспособуваат задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се |

Scanned with CamScanner

употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.

6. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови и со сите се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање.

7. Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО, а одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат три работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по три часа во рамките на нивните предмети.

8. Од спроведените интервјуа и анкети се согледува дека најголем број од учениците и родителите се задоволни од грижата и се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.

9. Стручната служба во соработка со наставниот кадар преку соодветни прашалници на почетокот на учебната година ги идентификува учениците со потешкотии, надарените и талентираните ученици.

10. Според одговорите во интервјуто со директорот и стручната служба, наставниците користат најразлични форми, методи, иинструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Според анкетата за ученици, најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена, им објаснуваат зошто добиле одредена оцена, ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување, и ги пофалуваат за нивниот труд. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е-дневник и Главна книга.

11. Училиштето реализира воннаставни активности, кои се реализираат во текот на целата учебна година. Содржините на воннаставните активности се евидентираат во дневниците на посебна страна за тоа. Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се: Слободни ученички активности за проширување на знаењата по одделни наставни предмети: млади математичари, биолошка секција, хемиска секција. Културно уметнички слободни активности: ликовна секција, литературна, драмска и рецитаторска секција. Слободни спортски активности: фудбал, кошарка.

**Силни страни**

- ✓ Во текот на наставната година одделенските раководители ги идентификуваат учениците од социјално загрозени семејства и континуирано се прават хуманитарни акции за помош на истите;

Scanned with CamScanner

- ✓ Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот и покажуваат почит кон него. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците и приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми. Учениците се мотивирани и поттикнувани да поставуваат прашања и слободно да се изразуваат за време на часовите,
- ✓ Најголем дел од наставниците во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им овозможуваат на учениците со различни образовни потреби (талентирани, надарени ученици и ученици со ПОП) да ги постигнат планираните цели.
- ✓ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности во кои ги вклучува сите ученици. Овие активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците, а служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.Училиштето им обезбедува на родителите навремени и достапни информации за програмата на воннаставните активности и им овозможува нивна целосна партиципација во донесувањето одлуки во врска со планирањето на воннаставните активности.Училиштето овозможува ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности.Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.

**Слаби страни**

- ✓ Во тоалетите нема адаптација за ученици со физички попречености
- ✓ Училиштето не располага со лифт за учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Недостиг на асистивна технологија
- ✓ Немање на училишен спортски клуб

**Приоритети**

- ✓ Адаптација на простор и тоалети за ученици со физички попречености;
- ✓ Набавување на асистивна технологија и обука на кадарот за работа со асистивна технологија.
- ✓ Формирање спортски клуб во училиштето

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Континуирано се следат постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди.
Наставниците како и стручите соработници во училиштето ги идентификуваат и даваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици како и на учениците со посебни образовни потреби.
Се известуваат родителите/старателите за постигањата на учениците и се реализираат советувања на родители/старатели и ученици, соодветно според потребите.
Училиштето ја следи редовноста во наставата и се стреми за подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.

Scanned with CamScanner

| |
|---|
| |
| **Силни страни**<br><br>➢ Соработка со родителите;<br>➢ Транспарентно, јавно оценување на учениците;<br>➢ Континуирана поддршка од страна на стручната служба за учениците<br>➢ Освоени места за учество на општински, регионални и државни натпревари.<br>➢ Промоција на училиштето на национално ниво од страна на учениците со постигнување на исклучителни резултати на државни натпревари.<br>➢ Успешно учество на Erasmus проекти преку учество на наставниците на обуки. |
| **Слаби страни**<br>➢ Недоволна мотивација на учениците за подобрување на постигањата<br>➢ Непознавање соодветни методи и техники на работа со надарени ученици |
| **Приоритети**<br>➢ Обуки на наставниците за работа со надарени ученици<br>➢ Обуки на наставницвите за современи техники за поттикнување на мотивацијата кај учениците |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме**<br><br>Угледот на нашето училиште е на високо ниво. Препознатливо е по високиот квалитет на работа и континуираната насоченост кон остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи меѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес, взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.<br>Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво.<br>Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Стручните соработници во училиштето имаат добра соработка со наставниците, родителите и учениците и со успех ги решаваат одредени потешкотии.<br>Наставниците успешно ги мотивираат учениците да земат учество на разни натпревари, активности и манифестации каде се стекнуваат со разни награди, признанија и пофалби. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности и успеси. |

Scanned with CamScanner

Се промовираат еднаквоста и правичноста на сите структури што учествуваат во воспитно-образовниот процес. Во просториите на училиштето се организираат работилници со родителите со цел да ги запознаат со правата на децата. Училиштето го прифаќа и промовира мултикултурализмот.
Училиштето е дел од проектите на МОН за промовирање и спроведување на активности за мултикултурализам. Во него се организираат заеднички наставни и вонаставни активности.
Преку Советот на родители и Училишниот одбор родителите се информираат за сите училишни активности, даваат предлози, мислења и сугестии.
Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти.
Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни

Scanned with CamScanner

| |
|---|
| **Силни страни**<br>➢ Во училиштето се реализираат различни видови вонНаставни активности кои придонесуваат за афирмација на училиштето<br>➢ Во училиштето редовно се спроведуваат бројни хуманитарни акции посветени на поддршка на ранливите групи во општеството.<br>➢ Безбедноста на училиштето и училишниот двор е на високо ниво<br>➢ Во училиштето постои атмосфера на взаемно почитување и разбирање меѓу наставниот кадар и учениците што е добар предуслов за креирање позитивна работна атмосфера. |
| **Слаби страни**<br>➢ Зголемување на нивото на сообраќајната безбедност на учениците при доаѓање  во училиштето<br>➢ Обезбедување на соодветна документација за безбедна храна од локалните продавници<br>➢ недоволен број на вработени на техничка служба за грижа на хигиената |
| **Приоритети**<br>➢ Покренување на иницијатива од Училишниот одбор и Советот на родители за изнаоѓање на побезбедно сообраќајно решение<br>➢ Да се обезбеди документација од  локалните продавници   дека храната што им се нуди на учениците е безбедна и здрава<br>➢ да се обезбеди согласност за вработување на технички персонал |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>1.Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор. Неговата работа се темели врз партнерски однос, а одлуките кои ги носи се јавни и транспарнетни.<br><br>2.Раководниот орган ја организира и координира целокупната работа во училиштето.<br><br>3.Раководниот орган има јасна мисија и визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br><br>4.Управувањето и раководење со ресурсите е приоритет на училиштето со што успешно се задоволуваат потребите на сите субјекти вкучени во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, родители).<br><br>5.Училишната библиотеката води евиденција за издадените и вратените книги, учебници и друга литература. Истата  е отворена за користење во текот на училишниот ден. |

6.Раководењето / менаџирањето со наставниот кадар е на одлично ниво со што се гледа професионалната застапеност и кариерниот развој.

7.Следењето и унапредувањето на наставниот процес го врши директорот и стручните соработници и за тоа даваат конструктивна повратна информација.

8.Процедурите за креирање на училишната политика се јасни и се прецизно дефинирани во училишните акти, а се фокусираат на подобрувањето на инфраструктурата, квалитетот на наставата, како и подобрувањето на постигањата на учениците.

9. Развојните цели се одраз на мисијата и визијата на училишето и сите се во функција на подобрување на севкупната работа на училиштето.

10. Планирање и управување со училишниот буџет е приоритет на директорот, има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства и ги запознава органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на истиот. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето.

**Силни страни**

- Училишниот одбор јавно и транспарентно ги носи своите одлуки, сите членови имаат посетено обука за Унапредување на Училишните одбори.
- Раководниот орган успешно се раководи со промените во образовниот систем и спроведува позитивни промени во работењето на училиштето.
- Набавката и управувањето со ресурси е на високо ниво, со што се задоволени потребите и на учениците и на наставниците.
- Училишната библиотека е богата со литература.
- Директорот го мотивира и поддржува професионалниот развој на наставниците и учениците, тимската работа и следењето на новините во образовниот процес.
- Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес согласно развојната програма.
- Училиштето обезбедува поддршка за професионален развој на вработените.
- Во училиштето постои план за следење и евалуација на реализацијата на активностите.
- Раководството на училиштето во склоп на материјалните можности ги поддржува учениците

Scanned with CamScanner

| |
|---|
| и наставниците во нивните постигања, ги наградува, ги пофалува и се грижи за нивното здравје.<br><br>➢ Управувањето со училишниот буџет е јавно и транспарентно. |
| **Слаби страни**<br>➢ Потреба од подобрување на интеракцијата меѓу наставниците и учениците преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија.<br><br>➢ Потреба за поголема диференцијација во наставата од страна на сите наставници. |
| **Приоритети**<br>➢ Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија.<br><br>➢ Обуки за наставници за диференциран пристап во наставата. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- ✓ Набавување на асистивна технологија и обука на кадарот за работа со асистивна технологија.
- ✓ Формирање спортски клуб во училиштето
- ✓ Обуки на наставниците за работа со надарени ученици
- ✓ Покренување на иницијатива од Училишниот одбор и Советот на родители за изнаоѓање на побезбедно сообраќајно решение
- ✓ Да се обезбеди документација од локалните продавници дека храната што им се нуди на учениците е безбедна и здрава
- ✓ Да се обезбеди согласност за вработување на технички персонал
- ✓ Обуки за наставниците за диференциран пристап во наставата.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Весна Ц.Насеска____________

Билјана Ацеска____________

Александра Ј.Цингоска____________

Габриела Салатоска____________

Елена Трајкоска____________

Scanned with CamScanner

Датум 02.07.2025г

Претседател на УО
Роберт Коруноски
-----------------------------------

Директор
Жарко Бабаноски
-----------------------------------

Република Северна Македонија
РАМПО ЛЕВКАТА
Прилеп
Општинско основно училиште

Scanned with CamScanner